**Годишен извештај на единиците на локалната самоуправа за напредокот на состојбата со еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Единица на локална самоуправа** | Општина Гевгелија |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Љубица Карајанова, координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гевгелија,<br>Ката Ристова, заменик-координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Гевгелија |
| **Период на известување** | 2022 година |
| **Дата на поднесување на извештајот** | 18.03.2023 г. |

**Дата,**

**Име и презиме (Одговорно лице (градоначалник) кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност)**

Андон Сарамандов, градоначалник на општина Гевгелија

**Потпис:**

с.р.

**(Прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика)**

**Дата,**

**Име Презиме (на Раководител на сектор за еднакви можности) :**

**Потпис:**

## *2.* ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ (ЗЕМ)

**2.1. Дали имате преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете доколку имате)**

**<u>А) Позитивни</u>**
**<u>Б) Охрабрувачки</u>**
**<u>В) Програмски</u>**

**2.2. Опис на мерките што ги имате преземено:**

- Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2022 година;

- Реализирани активности во рамки на Програмата на активностите на ОГ во областа на ЕМЖМ за 2022 година:

а) Општина Гевгелија, во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, ЈОУ Дом на култура „Македонија“- Гевгелија и ЈОУ Градска библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, распиша Конкурс за есеј и Ликовен конкурс на тема: „Женски права“, како реализација на една од активностите од Програмата на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите. Конкурсот за есеј на тема: „Женските права во 21 век“ беше наменет за учениците од I до IV година во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, додека Ликовниот конкурс на тема: „Женски права“, беше наменет за ученици од VI до IX одделение, во гевгелиските основни училишта.
За оценување на пристигнатите есеи и цртежи, од страна на Градоначалникот на општина Гевгелија со Решенија беа формирани стручни комисии.
Решенија за исплата на паричните награди, како и дипломите, благодарниците и симболичните награди на сите учесници и ментори им беа врачени на Литературното читање во ЈОУ Библиотека „Гоце Делчев“- Гевгелија, кој се одржа на 3.11.2022 година, во присуство на членови на Советот на Општина Гевгелија, претставници на општинската администрација, на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, невладиниот сектор, како и пратеници во Собранието на Република Македонија.
Додека, решенија за исплата на паричнитр награди, како и дипломите, благодарниците и симболичните награди на сите учесници и ментори им беа врачени на Ликовната изложба во Клуб-галеријата при Народен театар- Гевгелија, која се одржа на 14.11.2022 година, во присуство на членови на Советот на Општина Гевгелија, претставници на општинската администрација, на СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, невладиниот сектор, како и пратеници во Собранието на Република Македонија.

б) Општина Гевгелија во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Гевгелија и Меѓуопштинскиот центар за социјална работа- Гевгелија се приклучија во глобалната Кампања: „16 дена активизам за борба против насилство врз жените“ за одбележување на 25 Ноември, Меѓународниот ден за борба против семејното насилство врз жената. За таа цел, на јавните места, информативните табли и локалните институции во Гевгелија беа истакнати транспаренти со пораки за подигање на свеста и можноста за спречување на семејно насилство врз жената, но и спречување на семејно насилство воопшто, и врз мажите и децата;

в) Во Општина Гевгелија, на 13.12.2022 година, беше спроведена обука на тема: „Подготовка на Програма за еднакви можности на Општина Гевгелија“, спроведена од „Ехо“ Едукативно-хуманитарна организација од Штип. Обуката, наменета за

| |
|---|
| општинската администрација, како и за членовите на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите при Советот на Општина Гевгелија, се реализираше во рамки на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на еднакви можности на жените и мажите за 2022 година.<br>Имено, при подготовката на Програмата за 2023 година преку Методологијата за родово-одговорно буџетирање беа утврдени приоритетните области и цели, можните решенија и облици на делување и дефинирани родово-сензитивни индикатори од работните групи, како пример за подготовка и на останатите програми кои ги носи Советот на Општина Гевгелија;<br><br>г) Подготвен Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на ЕМЖМ за 2022 година, усвоен од страна на Советот на Општина Гевгелија;<br><br>д) Родово-сензитивни Програми- за активностите на ОГ во областа на социјалната заштита за 2023 година, за финансиска поддршка на проектите и програмите од областа на културата од значење за општина Гевгелија за 2023 година, за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2023 година и за работа на Локалниот младински совет на ОГ во 2023 година. |
| **2.3. Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**<br><br>Во Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на ЕМЖМ за 2022 година нема предвидено мерење на успешност на мерката.<br><br>**2.4. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот** **(Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**<br><br>Во Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на ЕМЖМ за 2022 година нема предвидено показатели/ индикатори за следење на успешноста и напредокот. |
| **2.5. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги во прилог на извештајот:**<br>/ |
| **2.6. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на ЕЛС** **(согласно член 11 од ЗЕМ):**<br><br>- Воведување родова перспектива во неколку Програми на Општина Гевгелија.<br><br>https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Programa_socijalna_zastita_23.pdf<br>https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Programa_kultura_2023.pdf<br>https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Programa_sport_2023.pdf<br>https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Programa_LMS_23.pdf |

[1] ***Аутпут индикаторите*** ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| **2.7. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):**<br><br>- Родово-разделена статистика во Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Гевгелија во областа на ЕМЖМ за 2022 г.<br><br>https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Izvestaj_Programa_KEM_22.pdf |
| **2.8. Дали имате предвидено показатели/индикатори за следење на успешноста и напредокот на иницијативата (Ве молиме наведете само аутпут индикатори)**<br><br>/ |
| **2.9. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, наведете ги овде насловите и приложете ги со извештајот**<br><br>/ |
| **2.10. Дали ЕЛС во рамките на активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите соработувал со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**<br><br>Да. И тоа во постојана координација со КЕМЖМ при Советот на ОГ, Меѓуопштинскиот центар за социјална работа- Гевгелија, локалните културни институции и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите: РЦОР-Гевгелија како подргантисти во рамки на проектот „Низ женски леќи“, Едукативно-хуманитарна организација ЕХО од Штип и UN Women Скопје- Тело на ОН за родова еднаквост и зајакнување на жените.<br>- Потпишана Декларација за заемна соработка на Комисите за еднакви можности на жените и мажите од четири општини: Виница, Гевгелија, Кавадарци и Струга. Со овој документ, овие општини декларираат дека со идна меѓусебна соработка ќе дејствуваат и ќе се залагаат за промовирање и примена на еднакви права и можности помеѓу мажите и жените, еднаков пристап до услугите и добрата, заштита и спречување на дискриминација по родова основа и забрана за родово базирано насилство. Декларацијата претставува проглас за заложбите на овие комисии, при што ја изразуваат волјата за интензивна соработка во напорите и активностите на општините кон подобрување на состојбите на жените и девојчињата. |
| **2.11. Дали базата на податоци со која располага ЕЛС е разделена по пол?**<br><br>**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**<br>*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**<br><br>https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/otvoreni-podatoci/spisok-na-vraboteni-opstina-gevgelija.pdf<br><br>**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**<br>*** приложете документ со краток опис на локална стратегија/акциски план/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.**<br><br>https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Izvestaj_Programa_KEM_22.pdf<br>https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Izvestaj_Programa_soczast_22.pdf |

| |
|---|
| **2.12.Дали Локалната самоуправа има локален акциски план за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во ЕЛС?**<br><br>Да, за период 2018-2022 година. |
| **2.13.Ако одговорот е да, тогаш приложете го акцискиот план со извештајот и опишете:**<br>**а) кои активности ги има превземено ЕЛС во текот на извештајниот период**<br>**б) кои резултати се постигнати согласно Акцискиот план**<br>**в) како го меревте постигнувањето на успехот на резултатите (наведете аутпут индикатори)**<br>**г) колку средства се одвоени од буџетот на општината а колку од донации?**<br>а) https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Lokalen_akcionen_plan_KEM_18-22.pdf<br>https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Izvestaj_Programa_KEM_22.pdf<br>https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Izvestaj_Programa_soczast_22.pdf;<br><br>б) родово буџетирање, податоци класифицирани според пол, социјална заштита, справување со насилство;<br><br>в) број на корисници по пол на услугите од областа на социјалната заштита и мерките во Програмата за активностите на ОГ во областа на ЕМЖМ за 2022 година;<br><br>г) Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на 29.12.2021 година, донесе Програма на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите за 2022 година. За реализација на активностите во Програмата беа предвидени средства од Буџетот на Општина Гевгелија во висина од 150.000 денари. Со измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Гевгелија за 2022 година, усвоени на седницата на Советот на Општина Гевгелија, одржана на 30.09.2022 година, буџетот за реализација на активностите во Програмата беше намален на 50.000 ден. |
| **2.14.Дали надлежностите и задачите на координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во ЕЛС?**<br>Не.<br>Координаторот и заменик-координаторот се именувани со Решение бр. 08-1415/1 од 20.09.2018 година. Согласно Решението, нивните обврски се регулирани со Законот за еднакви можности на жените и мажите.<br>Координатор- Љубица Карајанова, Раководител на Одделение за социјална, здравствена, детска и други заштити, култура и спорт;<br>Заменик-координатор - Ката Ристова, Раководител на Одделение на стручно административни и општи работи. |
| **2.15.Кои обуки во текот на извештајниот период координаторот/координаторката ги има реализирано?**<br>**Дали тој во обуките се јавил/а како:**<br>**А) слушател/слушателка**<br><br>- обука за родови индикатори и мерење на резултати, во организација на UN Women (1 -3 јуни, 2022 г.);<br>- обука за мониторинг на програми од родова перспектива, во организација на UN Women (21 - 23 септември, 2022 г.);<br>- обука за креирање на родово-сензитивни локални програми, во организација на UN Women (19 - 21 октомври, 2022 г.);<br>- обука на тема „Превенција и заштита на жртвите на родово-базирано и семејно насилство на локално ниво, организирана од ЗЕЛС (15.11.2022 г.); |

| |
|---|
| - обука на тема: „Подготовка на Програма за еднакви можности на Општина Гевгелија“, спроведена од „Ехо“ Едукативно-хуманитарна организација од Штип (13.12.2022 г.).<br><br>**Б) обучувач/обучувачка**<br><br>/ |
| 2.16 **Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и недискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). Координаторот за еднакви можности има посетено:**<br><br>- „Промоција на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и одговорно управување во РСМ“<br>- Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост“.<br>- Консултациска средба со единиците на локалните самоуправи со цел подготовка на национален план за имплементација на Планот за родова акција III на ЕУ. |
| **2.17. Како добиените знаења се понатаму пренесени во Вашата институција, дали имате воспоставено метод или систем на пренесување на знаења (пренесување на информации, споделување на материјали, држење на кратки сесии за пренесување на знаења на колеги итн.)**<br><br>По завршување на обуките, на вработените им се пренесуваат информации за стекнатото знаење на неформални состаноци. |
| **2.18.Колку и кои иницијативи (проекти, програми и активности на ЕЛС, предлог стратегии) координаторот/координаторката за еднаквите можности на жените и мажите има доставено до ЕЛС?**<br><br>- Предлог-Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на ЕМЖМ за 2022 година;<br>- Предлог-Програма за активностите на Општина Гевгелија во областа на социјалната заштита и заштита на децата за 2022 година;<br>- Предлог-Програма за финансирање програми и проекти од обласа на културата од интерес на општина Гевгелија за 2022 година;<br>- Предлог-Програма за финансирање на спортските активности во општина Гевгелија за 2022 година. |
| 2.19.**Колку од тие иницијативи биле усвоени и реализирани во ЕЛС?**<br><br>- Сите наведени предлог-програми се усвоени од страна на Советот на Општина Гевгелија и реализирани во текот на 2022 година, за што се подготвени извештаи, објавени на официјалната веб-страница на Општина Гевгелија. |

## 3. ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

| |
|---|
| **3.1. Наведете предизвици со кои што сте се соочиле во ЕЛС текот на извештајната година и како сте ги надминале?**<br><br>- нефункционална формираната интерсекторска група во Општина Гевгелија за родово-одговорно буџетирање; |

- намален буџет за Програмата за активностите на ОГ во областа на ЕМЖМ за 2022 година.

**3.2. Споделете пример за добра или лоша пракса**

/

**3.3. Наведете примери за научени лекции**

/

## 4. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

**4.1. Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегијата за родова еднаквост, стратешки документи на ЕЛС итн.)**

Основните области кон кои треба да бидат насочени активностите во Општина Гевгелија и да се интензивира работата во 2023 година за воведување и подигнување на нивото на родова рамноправност се: - заштита од насилство врз жените и семејното насилство; - воведување во пракса процес на креирање родово одговорни политики и програми и - јакнење на капацитетите на општинската администрација за воведување родово одговорно буџетирање во ЕЛС. Овие области беа дефинирани како резултат на соработката помеѓу Општина Гевгелија (координатор и заменик координатор за еднакви можности), ЈУ МЦСР Гевгелија, Комисијата за еднакви можности при Советот на општина Гевгелија и невладиниот сектор.

https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Programa_EMZM_23.pdf

## 5. КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

**5.1. Кога е формирана комисијата за еднакви можности на жените и мажите**
**Од 15.11.2021 година со Решение бр. 09-1699/1 („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 12/21.**

**5.1.1. Ве молиме наведете ја структура на комисија по:**

**а) Пол** 1 женско, 4 машки

б) Образование 3 мажи со високо, 1 маж со средно, 1 жена со средно

**в) Етничка припадност** Македонци

**г) Припадност на политичка партија** ВМРО-ДПМНЕ и коалиција- 3 члена, СДСМ и коалиција - 2 члена

**5.2. Наведете дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите активно учествуваше:**

**а)во креирање и донесување на развојна програма на ЕЛС** Да.

**б) во донесување на буџет на ЕЛС** Да.

**в) во давање предлози за инкорпорирање на принцип на еднакви можности во работата на органите на ЕЛС** Не.

**5.3. Кои мерки и активности во насока на унапредување на еднакви можности КЕМ ги има доставено до советот на ЕЛС?**

Зголемување на Буџетот за имплементација на активностите во Програмата на Општина Гевгелија во областа на ЕМЖМ за 2023 г.

**5.4. Дали Комисијата за еднакви можности на жените и мажите има годишна програма за работа?**

Да.
https://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/Programa_KEM_2022.pdf

**5.5.. Наведете колку состаноци има одржано Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, на кои теми и доколку сакате одредени добри пракси од тие состаноци да се наведат во годишниот извештај, Ве молиме наведете накратко тука и приложете записници.**

Комисијата за еднакви можности на жените одржува состаноци пред седниците на Советот на Општина Гевгелија и ги разгледува сите предложени точки од дневниот ред за конкретната седница, но за состаноците не се водат записници. Во 2022 година, одржани се вкупно 16 состанока.

## 6. ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО СЕМ-МТСП

**6.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост помеѓу централно и локално ниво или помеѓу ЕЛС**

https://zels.org.mk/newsd/4129

**б) Имплементација на Стратегијата за родова еднаквост во секторските политики/програми**

https://zels.org.mk/newsd/4129

бр. 14-467/2
17.03.2023 г.
Гевгелија